# ЖАНРОВСКИОТ СИСТЕМ НА МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ПОЕЗИЈА

Трајче Стамески
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје
tstameski@gmail.com

Овој текст дава преглед на карактеристичниот жанровски систем на македонската народна поезија, како важен дел од македонската култура, културна историја и фолклористика овозможува да се согледаат, и во дијахрониска и во синхрониска перспектива, најважните народни искуства во креирањето и обликувањето на композицијата и содржината на народните поетски жанрови. Текстот главно се однесува на опишување на процесите на проширувањето на жанровскиот систем македонската народна поезија преку збогатувањето на тематско-мотивскиот репертоар и формирањето на сопствен јазично-стилски изразен систем преку кој се актуелизираат и сите развојни процеси на жанровите низ вековите. Низ дијахрониска перспектива текстот ја покажува целокупноста на поетскиот жанровски систем на народното творештво како непроценлив доказ за развојот на македонската народна култура и фолклор, македонскиот јазик и литература низ вековите, како клучни идентитетски специфики на македонскиот народ.

**Клучни зборови**: жанровски систем, лирски жанрови, фолклор, народна поезија, народна култура

# THE GENRE SYSTEM OF MACEDONIAN FOLK POETRY

Trajce Stameski
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
tstameski@gmail.com

This text provides an overview of the characteristic genre system of Macedonian folk poetry, as an important part of Macedonian culture, cultural history and folkloristics, it allows to perceive, both in a diachronic and in a synchronic perspective, the most important folk experiences in the creation and shaping of the composition and content of folk poems and poetic genres. The text mainly refers to the description of the processes of the expansion of the genre system of Macedonian folk poetry through the enrichment of the thematic-motive repertoire and the formation of its own language-stylistic expressive system through which all the development processes of the genres over the centuries are actualized. Through a diachronic perspective, the text shows the entirety of the poetic genre system of folk creativity as an invaluable proof of the development of the Macedonian folk culture and folklore, the Macedonian language and literature throughout the centuries, as key identity specifics of Macedonian people.

**Key words:** genre system, poetic genres, folklore, folk poetry, folk culture

## 1.Генеза и развој на фолклорните поетски жанрови

Генезата на поетските жанрови во македонскиот фолклор е навистина сложен процес кој се одвивал низ повеќе векови. Повеќето истражувачи веруваат дека раните лирски жанрови најверојатно потекнуваат од првобитните форми на човековото изразување и претставуваат манифестации на одредени ритуални и магиски практики. Веќе, во подоцнежните развојни фази, тие постепено се одделуваат од строго обредната функција и во својата структура, сè повеќе, инкорпорираат световни форми и се фокусираат на поголема индивидуализација на изразот (емоционалност, композиција,

фигуративност и др.). Промените во општествената структура и разните социо-економски фактори, во голема мера влијаат на развојот на поетските жанрови. Со развитокот на социјалните и економски услови во Македонија кон средината на XIX век, кон црковната борба се надоврзува и училишната борба која го сублимира процесот на преродбата во Македонија. Ваквите тенденции се одразуваат и на фолклорната поетика, особено на планот на нејзините естетски вредности, жанровски специфики и јазично-стилски обележја. Во контекст на книжевното и културно движење – романтизмот (преродбата), значително се издигнува култот кон народноста, традицијата, усната книжевност и фолклорот, а особено кон народната песна, која за романтичарите претставува синтеза на целокупниот интелектуален, емоционален и материјален живот на еден народ. Како и кај останатите јужнословенски народи и култури и во македонската културна средина, народната песна е длабоко поврзана со битот и егзистенцијата на народот и претставува важен медиум за артикулација на сите важни аспекти на човековото постоење. Во рамки на македонскиот национален романтизам, апострофирањето на македонското народно поетско творештво, во услови на недоволно развиена национална литература и јазик, во оскудна просветна и културна атмосфера за Македонците има статус на национална и идентитетска вредност.

Појавата на специјализираните занимања (занаетчиството и другите форми на работа), исто така, влијае на создавањето на нови видови лирски песни, со што значително се збогатува жанровскиот систем на македонската народна поезија. Систематското собирање и проучување на овие песни од страна на нашите фолклористи, особено во XIX век, е особено важен сегмент за подобро разбирање на нивната генеза и развој. Контактите меѓу македонската култура и поширокиот јужнословенски културен контекст, честопати придонесуваат за размена и адаптација на поетските форми, а резултатите од таквата интеракција се ефектуирале во создавање на нови поджанрови и хибридни форми (на пр. балади и романси). Процесот на усната трансмисија, како фундаментално и конститутивно својство на народното творештво, доведува до постојани варијации и адаптации на поетските форми, што влијае на нивната жанровска хетерогеност. Според тоа, македонското народно творештво формира специфичен жанровски систем, а традиционалните интерференции со фолклорот на останатите јужнословенски култури само придонесуваат за негово доразвивање и изделување како посебен културен ентитет. Карактеристичната геополитичка положба

на Македонија, во центарот на Балканскиот Полуостров, како крстосница на различни народи и култури, природно довела до интензивна културна размена со соседните јужнословенски народи. Ваквите меѓусебни влијанија особено се индикативни на тематски план (тематски и мотивски паралели во епската поезија преку актуелизација на циклусот за Марко Крале, како фигура на меморијата или преку споделување на заеднички митолошко-демонолошки ликови и др.); на рамниште на стилски и поетички особености (метрика, фигуративност, формулативност, клишеизираност и сл.) или преку трансформација на заеднички мотиви и нивна адаптација на локалниот контекст. Затоа, особено е важно да се нагласи дека, во услови на специфични историски и социјални околности, овој процес на културни интерференции доведува до зајакнување и збогатување на македонската поетска фолклорна традиција, која преку свесна диференцијација и креативна адаптација и трансформација на заедничките елементи, се профилира во засебен жанровски и културен идентитет во рамките на поширокиот јужнословенски културен контекст.

**1.1. Лирска народна поезија**

Жанровскиот систем на македонската народна поезија од почетокот на XIX век е целосно во знакот на лирските народни песни, чии тематизации го опфаќаат целокупниот општествен, социјален и културен живот. Дијахрониските проучувања на народната поезија на тлото на Македонија покажуваат дека уште во средниот век се евидентирани запишани документи за присуството на лирската народна поезија на овие простори. Сведоштвата на византискиот хроничар Никифор Грегора, кој во 1328 година патувал преку Македонија заедно со својата дружина, спаѓаат во редот на најраните показатели за егзистенцијата на народните песни на овие простори. Слични записи постојат и претходно во делата на Константин Филозоф („Поучителното евангелие“ од IX век) и особено кај Презвитер Козма („Беседа против богомолите“ во X век) кој, во духот на црковната организација и црковните канони, смета дека сите оние кои „пијат вино со гусли, со танци и бесовски песни...“, не можат да се нарекуваат Христијани, што од друга страна, претставува отворена критика кон паганскиот сегмент од народниот живот. Подоцна се евидентирани и други податоци за животот на народната песна на територијата на Македонија за време на турското ропство од XVI век.

Едни од најстарите видови лирски песни кои водат потекло од времето на паганството се обредните народни песни, кои го претставуваат изразниот дел на некои обреди и

ритуали. Обредот, како една од најстарите форми на духовниот и практичниот живот, кој по својата генеза и иманентна логика, е неразделен од митот, го одредува и парадигматично го потврдува строежот во заедницата по аналогија на космичките закони, со намера да се зачува природната рамнотежа. Ваквиот процес придонесува, обредот да се доживува како силен фактор на интеграција на човекот во рамките на заедницата и нивната поврзаност преку вербата во магичната моќ на обредниот чин. Зачувувањето на светоста на обредот, а со тоа и успехот на обредниот чин, подразбира негова точна репродукција, при што се повторуваат временските сегменти, говорните (изразни) чинови, магиските движења, формули и други елементи од сценариото. Обредната песна од повторувањето го создава основниот принцип за сопствената внатрешна лирска кохеренција, од што произлегува и нејзината способност во својата структура да ги зачува праелементите од кои и самата произлегува. Македонската фолклористика прави дистинкција меѓу обредните песни, кои имаат специфична функција во рамките на народните обичаи и обреди и се организирани во циклуси според годишните времиња (календарски обредни песни). Во овие песни доаѓа до израз силното влијание на библискиот, апокрифниот и хагиографскиот интертекст, а најголемиот дел се поврзуваат со најзначајните христијански празници: Коледе, Божиќ, Водици, Ѓурѓовден, Велигден, Спасовден и др. Паралелно со нив, егзистираат и некалендарските обредните песни, кои обично се однесуваат на најважните животни настани (раѓање, свадба, смрт). Карактеристично за сите овие песни е нивното колективно изведување, затоа што најчесто, тие се пеат групно, од страна на заедницата која учествува во обредот. Една од поважните жанровски особености на обредните песни е нивниот нагласен синкретизам – во форма на обединување на повеќе уметнички елементи: текст, мелодија, ритуални движења, танци, специфична облека, разни маски и употреба на ритуални предмети. Честопати, се верува дека повеќето обредни песни имаат магиска функција, а со нивната правилна изведба може позитивно да се влијае на: природните појави (додолски песни), плодноста на земјата, животните и луѓето и заштита од разни демонолошки суштества и лоши сили. Исто така, една од поважните карактеристики на обредните песни е зачувувањето на мноштво архаични и регионални елементи од културата, особено мелодијата, дијалектот и конкретните обичаи со кои се поврзани.

Во македонската народна лирика голем простор им е отстапен на митолошките народни песни, во кои е сублимиран изразот на народната фантазија и реликтите на

примитивните верувања и претставите на нашите претци. Во тематскиот фокус на митолошките песни се разните интеракции меѓу човекот и митските суштества и експликацијата на природните феномени преку митолошките настани. Во овие песни фигурира широк регистар на митолошки и демонолошки ликови: натприродни суштества и појави (самовили, змејови, ламји, сеништа, чума, вампири и др.), персонифицирани небески тела (Сонце, Месечина, ѕвезди), но и застапеност на ликови од христијанството (светци, ангели) измешани со пагански елементи. Во „Зборникот“ на браќата Миладиновци, за митолошките песни се користи синтагмата „самовилски“ песни. Примери од овие група песни среќаваме речиси кај сите наши собирачи: Миладиновци, (бр. 1, 6, 13, 162, 476, 546, 577), Васил Икономов (бр.14, 24, 69, 75, 860), Кузман Шапкарев (бр. 1, 167, 178), Стефан Верковиќ (бр. 213) и др.

Подоцнежниот развојот на македонската народна лирика се ефектуира со појавата на трудовите и семејните народни песни, што влијае на драстичното редуцирање на фантастичните митолошки содржини. Поетиката на овие песни е идејно и тематски во дослух со народниот живот и со основните дејности на човекот, во прв ред, тоа е процесот на обработката на земјата. Според жанровските особености, најблиски до нив се аргатските и жетварските народни песни. Во структурата на овие песни е индикативна јасна интенција на пејачот за хибридизација на основниот мотив со други љубовни, семејни и обредни мотиви, што укажува на природната корелативност меѓу трудовите и семејните народни песни.

Во жанровскиот систем на овие песни спаѓаат и печалбарските народни песни, како рефлексија на овој важен социо-економски феномен во македонската историја и култура. Периодот на 60-70 години од XIX век е во знакот на слабеењето на економијата и трговијата, што резултира со опаѓање на занаетите и видливо намалување на материјалната состојба на македонското население. Ваквата состојба го поттикнува и го забрзува процесот на печалбарството, што доведува до масовно одлевање на работната сила во другите економски и културни центри: Србија, Романија, Бугарија, Грција, Австрија, Америка, Австралија и др. Ако се земе предвид дека печалбарството во Македонија има долг континуитет во распон од крајот на XIX и почетокот на XX век, јасно е дека целиот овој процес се рефлектирал и на жанровските особености на печалбарските народни песни. Во овие песни се прикажуваат разните видови на миграции на македонското население од крајот на XIX и почетокот на XX

век, како резултат на неповолната економска состојба во Македонија. Доминантната тема на печалбарството се артикулира преку мотивите на разделбата, осаменоста и копнежот. Честопати, во овие песни формата на лична исповед и дијалог се во корелација со наративни елементи. Ваквата испреплетеност на личните чувства со дескрипциите на настаните и ситуациите, создава специфична емоционална атмосфера со доминантно меланхоличен и носталгичен израз, емотивна напнатост и внатрешен конфликт. Дополнителен ефект во овие песни произлегува од дуализмот на перспективата меѓу печалбарот и на оние што остануваат дома, што ги нагласува аспектите на временскиот и просторниот контраст. Песни со печалбарски мотиви се објавени од речиси сите наши собирачи: Шапкарев (бр. 729, 732), Миладиновци (209, 495, 638, 654) Икономов (145, 179) Верковиќ (148, 163) и др.

Најобемна група во лирскиот жанровски систем се љубовните народни песни. Овие песни со изразито емоционален карактер ги изразуваат внатрешните состојби и доживувања на субјектот, како и субјективитетот во прикажувањето на љубовното искуство. Според, структурата, љубовните песни се кратки форми со малку строфи и со карактеристичното присуство на рефрен, со кој обично се нагласува главната емоција или идеја. Поетските слики се во корелативност со употребата на препознатливи симболи и метафорично прикажување на физичката убавина и љубовните чувства. На јазично-стилско рамниште индикативно е користењето синтаксички и семантички фигури (епитети, компарации, хиперболи, алегории, персонификации, метафори и др.), со што се постигнува широк мотивски и емоционален спектар: од радост и воодушевување до тага и жал. Најеклатантен пример за големата распространетост и актуелност на овој жанр е „Зборникот“ на браќата Миладиновци во кој, најголемиот број на песни се токму љубовните (од бр. 342 до бр. 428).

Економскиот подем на македонските градови во првата половина на XIX век, како и промената на етничкиот, социјалниот, просветниот и културниот живот, се одразуваат и на жанровската хетерогеност на народната лирика. Во нејзиниот идеен, поетички и естетскиот композит се инкорпорираат различни елементи на градскиот живот. Граѓанската лирика станува важен медиум за изразување на новиот стил на градскиот сталеж, градскиот менталитет, навиките, однесувањето и егзистенцијалните теми на градското население. Несомнено, ваквиот процес придонесува и за збогатување на

тематско-мотивскиот регистар во песните, па така основна преокупација на народниот пејач е опевањето на: градските сокаци, трговските дуќани, работилниците, градските калфи и мајстори, нивните занаети и др. Честопати кон овие мотиви, народниот пејач приклучувал и љубовни мотиви, на тој начин пеел за љубовната страст на младите мајстори и калфи кон убавите градски моми и сл. Една од најпознатите „граѓански“ песни во која се сублимирани социјални и љубовни мотиви е народната песна „На Струга дуќан да имам“. Народните песни што настануваат по градовите даваат широка перспектива за животот на градската средина, тие го прикажуваат растежот на граѓанското општество, засилувањето на економските и политичките фактори во градовите, сјајот и луксузот на граѓанската класа, односот кон модата и сл. Во овој контест би можеле да ги издвоиме песните од „Зборникот“ на браќата Миладиновци (бр. 319, 349, 367, 352, 418, 435, 462) и од Зборникот на Кузман Шапкарев (бр. 1085, 1106)

**1.2. Народна епика во стих**

Општа карактеристика за македонската јуначка народна поезија е нејзината борбена компонента. Како одраз на историските околности и потребата на народот за херои и заштитници, во овие песни доминантниот мотив за физичката борба меѓу јунаците, претставува и метафора за поширокиот историски конфликт и борбата за ослободување. Претставувањето на јунаците како заштитници на народот, најчесто преку борбите и победите над турската власт, ја нагласува нивната функција како симболи на отпор и надеж. Затоа, македонската јуначка поезија, го покажува богатството на народната традиција и различните аспекти на херојството, преку галерија на народни јунаци: Марко Крале, Болен Дојчин, Момчило војвода, Секула детенце, Јанкул јунак, Лутица Богдан и други. Еден од позначајните јунаци е и Кузман Капидан и песните испеани за него во Зборникот на народни песни на Кузман Шапкарев, 1891, (бр. 377-378, 482), во кои е прикажано неговото големо јунаштво против разбојничките банди во Западна Македонија и кој му послужил како модел на Григор Прличев за уметничка креација на херојскиот лик на Кузман во поемата „Сердарот“. Исто така, овој херој послужил како предлошка и за драмата „Кузман Капидан“ на Васил Иљоски.

Во овој контекст, особено се истакнуваат песните кои ги опеаваат хероините: Сирма војвотка (Миладиновци, бр.212) и убавата Фросина (Шапкарев, бр. 289) Вклучувањето

на женски херои како Сирма војвотка и убавата Фросина покажува дека македонската народна традиција го признава и слави и женското херојство, надвор од фигурата на традиционалниот машки јунак.

Појавата на ајдутското движење во XVII – XVIII век, кај нас артикулира нов вид на поезија, која според жанровските особености суштински не отстапува во однос на јуначката лирика, но покажува значајни јазичко-стилски новитети. И овие ајдутски песни се целосно во духот на општествените процеси и интенциите на Македонците за стекнување целосна политичка независност и слобода. Во овој период најзначајни се комитско-револуционерните песни, кои ја тематизираат појавата на подоцнежното Илинденско востание и неговиот трагичен крај. Централен лик во овие песни е Гоце Делчев, како предводник на револуционерното движење кај Македонците.

Константин Миладинов во „Предговорот“ на Зборникот го потенцира значењето на народните песни и нивната поврзаност со сите аспекти на егзистенцијата на македонскиот народ и долгата традиција на меморирање и трансмисија на народната поезија. Тој се projавува како еден од првите фолклористи, кој дава релевантна научна интерпретација на поетиката на народната песна, при тоа, објаснувајќи ја жанровската класификација на песните и научните принципи според кои се водел за нејзиното составување. Според тоа, песните во „Зборникот“ жанровски се поделени на: самовилски, други стари, црковни, јуначки, овчарски, ајдутски, жаљовни, смешни, љубовни, свадбени, лазарски и жетварски. Во својот „Зборник“ (Београд, 1860 год.) кој содржи исклучиво лирски песни, Стефан Верковиќ, иако така врши поделба на песните според жанровските особености: жетварски (аргатски), свадбени, лазарски и ороводни. И Кузман Шапкарев во својот монументален „Зборник“ ги класифицира песните според жанровскиот систем на: во дел I и II на самовилски, религиозни, обредни, во дел III политички песни и во дел IV песни од општествениот, семејниот и приватниот живот.
Неизмерно богата и впечатлива е македонската народна поетика што се одразува и на планот на версификацијата и на рамниште на стилот. Во композитот на народната песна, народниот пејач ја „вградил“ сопствената животна филозофија, разбирањето на светот и опкружувањето, кои честопати биле пропратени со пагански, митолошки претстави и религиозни сфаќања, но и современи состојби и процеси. Од поважните версификаторски одлики на македонската народна песна може да ја издвоиме

мелодичноста, силабичниот стих и метричка разновидност: осмерецот е најчеста одлика на лириката, десетерецецот кај епиката, а дванаесетерецот е особеност на македонските народни балади.

Македонските народни балади се неизоставен дел од фолклорното наследство и имаат специфични жанровски особености. Во однос на темите што преовладуваат во нив, „тие најчесто се движат во рамките на љубовните и семејните содржини. Она што на некаков начин ги обединува сите словенски балади (иако тие имаат и неоспорни национални национални белези), е вниманието, во прв ред, свртено кон индивидуалното и семејното живеење на човекот. Најчесто, како „главен“ херој во овие балади се јавува жената која, речиси без исклучок е жртва, неверојатно инвентивно предадена во разни верзии.“ (Попова: 1990, 18)

Препознатливиот жанровски идентитет на баладата произлегува од хибридизација на наративни елементи (фокусот е ставен на еден настан или конфликт) со силен емоционален интензитет и напрегнат динамизам. Ова ја нагласува комплексната природа на баладата како преоден жанр, во кој нагласената емотивност, нарацијата, психолошката карактеризација на ликовите, ненадејните и неочекувани пресврти и трагизмот се негови доминантни елементи. Исто така, овој поетски жанр опфаќа и широк спектар на тематизации: од трагична и несреќна љубов, семејни конфликти, смрт и натприродни појави, па сè до морални дилеми и етички избори на ликовите, поради што предизвикуваат чувства на тага, сочувство или страв кај слушателите. За разлика од традиционалните епски песни кои главно се фокусираат на специфичната фигура на херојот, баладите најчесто го прикажуваат животот на обичниот човек и односите меѓу членовите на семејството (сопружници, браќа и сестри, родители и деца).

Во македонската фолклористика постојат неколку класификации на народните балади, најчесто според тематски критериуми, кои укажуваат на хетерогеноста на овој жанр: балади со митолошки содржини; балади со легендарни содржини; балади со историски содржини и балади за лични и семејни односи.

За разлика од баладата, романсата е поблиска до лирските жанрови и се базира на љубовни мотиви и содржи драмски пасажи, со кои се постигнува емоционални ефекти кај слушателот. Од структурен аспект, романсата има наративна форма, но со нагласен

лирски елемент и честа употреба на дијалог меѓу ликовите. Во неа, особено е изразена емотивната функција на јазикот и експресивноста која се постигнува со богатството на фигуративниот јазик. Лирскиот драматизам во романсата предизвикува менување на емоционалниот амбиент. Нивната романтична содржина понекогаш содржи и лирски ретардации, со кои дејството се пролонгира, за да се постигне емотивна нагласеност на некои места. „Како народно-поетски жанр, романсата претрпела определен развој: отпрвин таа фиксирала јуначки подвизи, кога претставувала превосходно епска творба: но со текот на времето, во неа творечки се инфилтрирале лирски мотиви, претежно љубовни и семејни, така што денес во нашата народна поезија предоминираат лирски вообличени романски.“ (Саздов 1992: 58)

Карактеристичниот жанровски систем на македонската народна поезија, како важен дел од македонската култура, културна историја и фолклористика овозможува да се согледаат, и во дијахрониска и во синхрониска перспектива, најважните народни искуства во креирањето и обликувањето на композицијата и содржината на народните поетски жанрови. Паралелно со проширувањето на тематско-мотивскиот репертоар, македонската народна поезија оформува и сопствен јазично-стилски изразен систем преку кој се актуелизираат и сите развојни процеси на македонскиот јазик низ вековите. Според тоа, целокупноста на поетскиот жанровски систем на народното творештво е непроценлив доказ за развојот на македонската народна култура и фолклор, македонскиот јазик и литература низ вековите, како клучни идентитетски специфики на македонскиот народ.

## Библиографија

*Ајдутски и револуционерни песни*. (1969). Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски и д-р Јован Бошковски. Скопје: Македонска книга.

Вангелов, А. (1986). *Семантичките фигури во македонската народна лирика*. Скопје: Македонска книга.

*Животот и делото на браќата Миладиновци.* (1984). Уредил акад. Харалампие Поленаковиќ. Скопје: МАНУ.

*Зборник на народни песни.* (1983). Редакција на Харалампие Поленаковиќ и Тодор Димитровски. Скопје: Македонска книга.

*Јуначки народни песни.* (1968). Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски. Скопје: Македонска книга.

*Кузман А. Шапкарев – избрани дела 1-5*. (1976). Приредил д-р Томе Саздов. Скопје: Мисла.

Лафазановски, Е. (1996). *Традиција нарација литература*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“.

Најчески, Д. (1993). *Студии за јуначкиот епос од македонското фолклорно подрачје*. Куманово: Просвета.

*Обредни и митолошки песни.* (1968). Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски. Скопје: Македонска книга.

Пенушлиски, К. (1988). *Одбрани фолклористички трудови 1-4*. Скопје: Македонска книга.

Поленаковиќ, Х. (1969). *Страници од македонската книжевност*. Скопје: Македонска книга.

Поленаковиќ, Х. (1988). *Избрани дела 1-6*. Скопје: Македонска книга.

Попова, Ф. (1990). *Македонската народна балада*. Скопје: Наша книга.

Саздов, Т. (1992). *Усната книжевност на Македонците*. Скопје: Матица македонска.

*Трудови, семејни, хумористични песни.* (1973). Избор и редакција д-р Кирил Пенушлиски. Скопје: Македонска книга.